Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 49 став 3 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 3 седница, одржана на 23.02.2023 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за постапката и начинот на распределба на финансиски средства од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите на Општина Центар-Скопје**

## I. Вовед

Развојот на граѓанскиот сектор е од особено значење за основните демократски вредности на една земја, како и за поттикнување на граѓанската свест за поширок општествен ангажман.
Ваквиот придонес на граѓанскиот сектор во градењето и во промовирањето на демократската култура и социјалната кохезија на сите општествени нивоа ја поттикнува потребата за соработка меѓу него и Општината. Заедничкото дејствување може значително да придонесе во развојот во повеќе области на локално ниво, со цел ефикасно да се одговори на предизвиците и на тековните проблеми во локалната заедница.

## I.1. Цел

Главна цел на донесувањето на овој Правилник е унапредување на соработката на Општина Центар-Скопје со граѓанските организации што работат на територија на Општината и обезбедување активен придонес на организациите за поквалитетни општински услуги, а во насока на остварување на визијата на Општина Центар-Скопје: европски профилирана општина во која граѓаните се активни и рамноправни партнери.
Цели:

- Да се зацврсти и да се унапреди соработката на Општината со граѓанските организации преку градење сопствена култура на соработка;
- Да се оспособи општинската администрација да ја препознава улогата на граѓанскиот сектор и да развива партнерства со него;
- Да се овозможи поголема вклученост и влијание на граѓаните преку нивните здруженија во одлучувањето на локално ниво и креирањето на локални политики;

- Да се подобрат условите за јакнење и развој на граѓанските здруженија преку создавање позитивна институционална клима;
- Да се подобрат условите за обезбедување одржлив развој на граѓанскиот сектор;
- Да се подобри пристапот до информации од јавен карактер;
- Да се користат искуствата и добрите практики на граѓанскиот сектор на локално ниво.

Унапредувањето на соработката меѓу Општината и граѓанскиот сектор претставува одраз на почитувањето на високите вредности и можности на овој сектор и потенцирање на неговото значење за задоволување на интересите и на потребите на граѓаните на локално ниво.

## I.2. Принципи и вредности

Во соработката на Општина Центар-Скопје со граѓанскиот сектор ќе се почитуваат принципите и вредностите за соработка со граѓанскиот сектор, и тоа:

- Еднаквост - еднаков однос кон сите здруженија на граѓани, без оглед на етничката, верската, половата, возрасната или друга припадност;
- Транспарентност - високо ниво на јавност на информациите, услугите, процедурите и критериумите;
- Партиципативност - активно вклучување на здруженијата на граѓани, како во процесот на консултации, така и во донесувањето на јавните политики од локално значење;
- Отвореност - Општината е отворена за предлози, сугестии и идеи;
- Континуираност - постојана и непрекината комуникација на Општината со здруженијата и фондациите.

# II. Финансирање

## II.1. Распределба на средствата

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Центар-Скопје наменети за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани ќе се врши годишно.

Распределбата ќе се врши врз основа на годишните програми на општинските сектори и одделенија, а за реализација на проектни активности во следниве области:

- Локален економски развој
- Образование,
- Социјална, здравствена и детска заштита,
- Млади и младински политики,
- Заштита на животната средина и енергетска ефикасност.

## II.2. Буџет

Висината на буџетот за финансирање на здруженијата и фондациите ја предлага Секторот за ЛЕР, во рамките на годишната Програма, а ја усвојува Советот на Општината на годишно ниво. Секторот ја утврдува висината на буџетот во согласност со потребите и можностите на Општината и интересот на здруженијата за соработка, односно за реализација на проекти на локално ниво што се од значење за Општината и за граѓаните. Висината на предвидените средства за секоја од горенаведените области може да варира во зависност од потребите на Општината, но ниедна област не може да биде изоставена во текот на една година и ниедна област не може да добие износ повисок од 30 % од вкупниот буџет што е предвиден за финансирање на здруженија и фондации.
За одредени активности што не се содржани во Програмата, а за кои Советот на Општина Центар-Скопје ќе процени дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општината.

# III. Процес

Процесот на финансирање на здруженија и фондации е во надлежност на Секторот за локален економски развој.

## III.1. Јавен повик/Објава

Секторот за ЛЕР распишува Јавен повик за прибирање пријави за користење средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за сите области за кои се врши финансирањето, а во согласност и координација со општинскиот сектор што е надлежен за секоја област. Пред распишувањето на Јавниот повик може се одржат консултативни средби со засегнатите граѓански здруженија, на кои тие ќе бидат информирани и консултирани за повикот. Повикот се распишува во период што е усогласен со програмите на секторите и со плановите за нивна реализација. Повикот се објавува на веб-страницата на Општината, социјалните мрежи и/или во локалните медиуми. Рок за прибирање на пријавите е 15 дена од моментот на распишување на конкурсот.

## III.2. Минимум услови за аплицирање/поднесување пријава по објавен конкурс

Здруженијата и фондациите што се заинтересирани за користење на средствата од објавениот повик, за реализација на проектните активности треба да ги исполнуваат следниве услови:

- Да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации со седиште во Скопје - Општина Центар;
- Да спроведуваат активности од минимум една година;
- Да не добиле средства или да не поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава,

а што би значело двојно финансирање на исти активности од различни извори, освен ако не е кофинансирање.

### III.3. Апликација/Пријава

Здруженијата и фондациите што се заинтересирани за користење на средствата од објавениот повик, за реализација на проектните активности треба да ги достават следниве документи:

- Пријава/Апликација за финансиска поддршка на здруженија и фондации што треба да биде целосно пополнета (со печатни букви во кирилско писмо), потпишана од застапникот на здружението/фондацијата *Прилог 1* на овој документ;
- Фотокопија од Решението за регистрација на здружението/фондацијата или тековна состојба;
- Годишен извештај на здружението/фондацијата за минатата година;
- Завршна сметка за претходната година.

Пријавата и комплетната документација се доставуваат преку пошта на следнава адреса:
Општина Центар-Скопје, Сектор за Локален економски развој, ул. „Михаил Цоков" бр. 1 или
директно во Архивата на Општината, од 9 до 15 часот, со назнака - Пријава за повик за финансирање на здруженија и фондации. Ќе се разгледуваат пријавите што ќе бидат пратени заклучно со петнаесетиот ден од објавувањето на конкурсот.

### III.4. Разгледување и одлучување

Доставената документација по објавениот повик ја разгледува петчлена комисија формирана со Решение од Градоначалникот, во состав:

- Претставник на Секторот за поддршка на Градоначалник, одговорен за соработка со здруженија и фондации;
- Претставник на Секторот за локален економски развој;
- Тројца советници од Советот на Општината.

Комисијата врши рангирање на пријавите од здруженијата/фондациите во согласност со следниве критериуми за квалитет на барањето (Критериуми за избор на предлог-проект):

| **Критериум** | **Вредност на бодови** |
|---|---|
| Придонес на проектот во реализацијата на програмските цели на Општината | 20 |
| Усогласеност со надлежностите на Општината | 25 |
| Стручност, искуство и компетентност на подносителот на апликацијата во спроведувањето на проектната активност | 20 |
| Реален буџет и оправданост на трошоците | 20 |
| Процент на учество на подносителот на апликацијата во проектниот буџет | 5 |
| Вклученост на други општински институции, граѓански организации или граѓани | 10 |

Нема да се разгледуваат пријавите со нецелосна документација или оние што пристигнале по истекот на предвидениот рок. Доставените прилози не се враќаат.
По извршеното рангирање врз основа на критериумите, Комисијата доставува ранг-листа до Градоначалникот со свој предлог за здруженија/фондации што ги исполнуваат условите за финансирање за соодветниот проект. Градоначалникот, врз основа на ранг-листата, донесува конечна одлука за избор на здруженија/фондации што ќе бидат финансирани.

## III.5. Договор

Во рок од 15 дена треба да се потпише Договор за финансирање проект на здружение/фондација на граѓани. Во рок од 30 дена од потпишувањето на Договорот треба да почне реализацијата на проектните активности.
Доколку финансиската реализација на грантот не започне најдоцна 15 дена од утврдениот термин за почеток, а подносителот на проектот писмено не ја извести Општината за причината, ќе се смета дека подносителот се откажал од користењето на грантот со што престанува важноста на Договорот.

## IV. Реализација на проектот и искористување на финансиските средства

Грантот ќе се користи на следниов начин:

- Добиените средства во рамките на севкупниот планиран буџет на предлог-проектот ќе бидат префрлени на сметката на здружението/фондацијата, парцијално, согласно поднесените барања од корисниците.
- Временската рамка за реализација на секој проект ќе се утврдува индивидуално, во согласност со комплексноста на проектните активности и во согласност со временските рамки што се предвидени во предлог-проектот.
- Здружението/фондацијата ќе ги користи средствата во согласност со активностите во предлог-проектот и не смее да врши прелевање меѓу ставките без писмена согласност од Општината.
- Здружението/фондацијата го добива грантот за да придонесе во развојот на локалната заедница и изјавува дека со примениот грант нема да остварува профит, нема да го користи спротивно на активностите дозволени со Уставот,

законите и со подзаконските акти на Република Северна Македонија, недозволено да располага со него и да повластува други лица.

- Здружението/фондацијата се обврзува грантот да го користи целосно за намената за која е примен, а во случај да престанала потребата или условите за искористување на грантот, се задолжува веднаш да ѝ го врати на Општината.
- Здружението/фондацијата има обврска во сите свои печатени материјали и јавни настапи поврзани со проектот, кој е предмет на склучениот Договор, да наведе дека е поддржан од Општината. На печатените материјали или на веб-страницата треба на видливо место да биде отпечатено логото - симболот на Општина Центар-Скопје.
- Општината го задржува правото за вршење контрола за начините на користење на грантот во согласност со Договорот и со додатоците, преку контрола на документите и начинот на реализација на задачите во седиштето на здружението/фондацијата или на местото на реализација на проектот, вршење попис на опремата набавена како дел од грантот, како и преку давање дополнителни информации и појаснувања на извештаите.
- Општината го задржува правото да прекине со исплатата на дел од одобрениот грант ако настанат непредвидени ситуации поврзани со проектните активности.
- Во случај ако здружението/фондацијата го злоупотреби грантот или го користи спротивно на намената, веднаш по сознанието за злоупотреба или за несоодветно располагање со средствата, Општината има право да бара поврат на средствата од грантот.
- Доколку здружението/фондацијата го злоупотреби грантот или го користи спротивно на намената, губи право во иднина да аплицира за добивање грант.
- За позициите во буџетот што се побарувани од Општината, набавките ќе бидат извршени од здружението/фондацијата.
- Во случај на повреда на обврските преземени по склучувањето Договор, Општината има право на заштита на своите права во согласност со позитивната законска регулатива.
- Во случај на судски спор надлежен е Основниот суд Скопје во Скопје.

## V. Известување

Носителот се обврзува по завршувањето на проектните активности да ѝ достави на Општината целосен завршен извештај (наративен и финансиски), *прилози 3 и 4* кон овој документ, најдоцна 30 дена по завршувањето на проектните активности.

Извештаите треба да содржат:

✓ *Наративниот извештај* треба да содржи анализа на користењето на грантот. Тек на реализацијата на прикажаните проектни активности, опис на постигнатите ефекти од реализацијата на активностите и опис на напредокот во остварувањето на утврдените цели, односно доказ за реализација на проектните активности (слики, медиумски записи, печатени материјали и сл.);

- ✓ *Финансискиот извештај* за начинот на трошење на средствата од грантот треба да биде целосно пополнет и кон него да се приложат копии од сите фактури, сметки за трошоци, налози за плаќање и изводи од потсметката наменета за овој проект.

Општината го задржува правото да побара доставување на почести или дополнителни финансиски извештаи, како и да даде претходно одобрување за секоја измена во буџетот во случај кога здружението/фондацијата има тешкотии во исполнувањето на финансиските барања. Извештаите и документите што ќе ги поднесува, здружението/фондацијата е должно да ги чува во период што е пропишан со Законот за архивско работење, а во овој период Општината има право во секое време да изврши увид по потреба.

**Прилози:**

- Пријава за финансиска поддршка на здружение/фондација,
- Образец за наративен извештај,
- Образец за финансиски извештај.

Бр. __-________
___.__.2023 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.